**ИНФОРМАТОР бр. 12** февруари-март 2003
Прва детска амбасада во светот - Меѓаши - (ПДАСМ)
Република Македонија - ул. Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје
Телефон: (389-2)465-316 факс/телефон: (389-2) 463-900
e-mail: first@childrensembassy.org.mk
website: childrensembassy.org.mk

***Во овој број:***

1. Итна акција: Злоупотреба на дете
2. СОС обука
3. Детски работилници
4. Мак Акција
5. Состанок на Колегиум
6. Разоружување
7. Застапување
8. Разоружување
9. Семејствата во нашето прифатилиште
10. Учество на интернационални конференции/обуки
11. Нови членови на Дипломатскиот Кор

***1. Итна акција: Злоупотреба на дете***

Минатиот месец многу тажен акт се случи во Макседсонија. Акт којштп е спротивен на сите човечки вредности и принципи, акт којшто петставува кршење на Конвенцијата на ОН за правата на децата. Две годишно девојче од Штип почина во Детската клиника бидејќи беше Смртно претепана од својата мајка. Девојчето било тепано само поради тоа што барало леб. Мајката неможела да го слуша нејзиното плачење. Ова семејство не е корисник на социјална помош. И ова не се случувало првпат, девојчето било тепано од своето раѓање. Нашата амбасада Меѓаши реагираше веднаш со неколку јавни барања. Веруваме дека овој живот е загубен поради негриж на родителите ид ржавните органи, кои не реагирале навремено. Неможеме да го вратиме овој живот, но се надеваме дека во соработка со родителите, НВО ии државните органи би ја подигнале јавната свест за потребата од подобра грижа и одговорностите за децата и нивните интереси.

***2. СОС обука***

Во изминативе месеци од имплементирањето на СОС проектот, финансиран од Балканската фондација за деца и млади, имаше промени кои вреди да се споменат. Сите промени се со цел за да се подобри квалитет и цапацитетот на СОС услугите.

Вредно е да се напомене дека имаме нова СОС телефонска линија чиј нов број е **466-588** со работно време од 12.00 - 20.00 часот секој работен ден. Исто така децата и младите можат да не контактираа ин а нашиот е-маил: **сосЖцхилдренсембассs.орг.мк**. Бројот на волонтерите е зголемен од 7 на 15 и за нив е обезбедена обука/дообука од страна на професионалци (психолози, педагози, психијатри...) Обуката се спроведува во сесии. Досегашните теми се:

- Работилници за ненасилна акција;
- Цели и функции на СОС телефонот;
- Комуникација и пречки во комуникацијата;
- Активно слушање
- Пубертет - психосексуален идентитет;
- Здраво сексуално однесување;
- Превенција од злоупотреба на дрога;
- Трансакциона анализа (принципи на комуникација).

Нов супервисор на СОС телефонот е г-н Станислав Петковски, специјалист по медицинска психологија. Во подготовка е кампања за промоција на СОС телефонот , за која ќе бидете информирани во наредниот број на нашиот информатоп.

### *3. Де4тски работилници*

После долго време волонтерска работа, Светската банка го финансира нашиот проект Детски работилници. Со имплементацијата ќе започнеме од април. Идеата за проектот останува иста - две работилници дневно, едукативни и креативни. Новост е соработката со Центарот за Социјални работи. Проектот ќе опфати околу 120 деца од Центарот односно деца кои живеат со старатели, деца кои се ситни деликвенти и деца од сиромашни семејства. Нашата намера е покрај основното знаење д аим ги покажеме еднаквите можности кои би можеле да ги имаат во понатамошното цивилно ангажирање и почитта која штомора да постои во мултиетничкото општество.

Се заблагодаруване на Народната Банка на Република Македонија за двата компјутера, кои се надеваме ќе бидат многу корисни за децата вклучени во работилниците кои можеби досега немале ниедна можност да работат со компјутер.

### *4. Мак Акција*

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши е партнерска организација на ЦСХИ- Иницијативи за самопомош на заедницата во имплементацијата на проектот за Македонски волонтери во акција. Главна цел е охрабрување на волонтеризмот за промоцијана квалитетот на живот во локалнатаљ заедница. Други цели се: Подобрување на функционирањето на локалните

волонтерски клубови низ градење на капацитетот и зголемување на активностите во локалната заедница и промоција на мултиетничка соработка.
Ова е втора фаза од проектот ( транзициона) преку која тој ќе биде префрлен на ПДАСМ. Во март од страна на Меѓаши три града беа превземени на управување.

### *6. Состанок на Колегиумот*

На 10 март се одржа годишниот состанок на Колегиумот на нашата амбасада. Членовите на највисокото тело на нашата Амбасада беа информирани за новите активности, проекти и програми, кои имаме намера да ги реализираме. Нови членови на Колегиумот се: Ана Битуњану, Благица Стојановска и Лидија Балтовска. Бидејќин нашата работа се менува и активностите ни се зголемуваат се повеќе и повеќе, Колегиумот одлучи да се направат некои промени на Статутот. До крајот на март, специјално формираната комисија ги усвои промените и дополнувањата на Статутот. Описниот извештај и финансискиот извештај за 2002 беа исто така усвоени. Големо е задоволството да се чујат прекрасните зборови и честитки заработата од Колегиумот. Искрено се надеваме дека ќе ги исполниме нивните очекувања и наредната година.

### *7. Застапување и помош*

Нашиот социјален сервис даде се од себе д аим помогне на трите семејства сместени во кампот  Чичино село. Ова се македонски социјално загрозени семејства кои живеат таму без "привилегиите" што ги имаат Ромските бегалци од Косово. Заедно успеавме да набавиме добра за наредните 2-3 месеца. Им се заблагодаруваме на Саманта, Тинекс, ЕуроМилк, Жито Лукс, Римес и Рудине за нивната соработка.
Бидејќи добивме два компјутера за детските работилници од Народна Банка, решивме да подариме еден од нашите на децата од семјството Мирчевски чие семејство е сиромашно и чии родители се разведени.
Ова е слика на малиот Марко кој доби компјутер.



***8. Разоружување***
На 23 февруари во дворот на нашата Амбасадаљ во соработка со Здружението на новинари за детски права организиравме акција на разоружување. Акцијата беше симболична: повеќе од 100 деца ги дадоа своите играчки-оружје во замена за книга. Намерата беше да се натераат одговорните лица во Собранието и Владата да го забрзаат процесот на донесување на Законот за разоружување и да превземат конкретни мерки за разоружување на сите оние кои поседуваат оружје без дозвола со цел да се обезбеди посигурна опкружување за децата.

***9. Семејствата во нашето прифатилиште***
Сеуште сме заедно како едно семејство со раселените лица од Арачиново, сместени вон ашето прифатилиште. Тие се тука скоро две години. Секојдневно се трудиме д аим помогнеме, искрено надевајќи се на позитивно решение за нивното трајно сместување. Ја користиме оваа прилика да ја изразиме нашата благодарност на сите оние кои ни помогнаа, посебно на Ротар АК кои што донираа машина за перење.
Ви благодариме!

***10. Учество на интернационални конференции/обуки***
Во организација на МЦМС - Македонскиот центар за меѓународна соработка, нашиот Извршен дирецтор и со-основач Драги Змијанац, заедно со други претставници од Македонија, го посети саемот на невладини организации "Денови на граѓански здруженија" во Загреб, Хрватска од 13 до 15 февруари.
На 14 февруари, нашиот програмски раководител и основач Гордана Пирковска Змијанац, учествуваше на меѓународната конференција за Деинституционализација на системот на социјална заштита, организиран од Институтот за социјална политика и социјална работа во соработка со Универзитетот во Стокхолм. Целта беше да се поделат регионалните искуства кои

можат да помогнат во подготовките за Светската конференција за нови стратегии во Новиот Милениум.

### *11. Нови членови на Дипломатскиот кор*

Во последното писмо ве информиравме за новите членови на нашиот дипломатски кор кои се корисници на дипломатски пасош на амбасадата Меѓаши и се чуствуваме почестени ис реќни поради зголемувањето на нашето членство кое ни покажува дека нашата идеја, визија и мисија се шири во целиот свет. Новите членови се:
В.Е. Барон Џенаро Кирило Ди Кастелсанџорџио, Генерален Конзул во Неапол-Италија, бр. на пасош 201
В.Е. D-r Valerio Ciavolino, Вице-конзул во Неапол-Италија,бр. на пасош 203
Номинација во нашиот дипломатски кор  и понудивме на Рене Швајцер Милер но таа, во своето писмо, ни напиша дека е стара и дека поради тоа не може да патува и соодветно да го користи пасошот. Таа  е заинѕересирана за нашата работа со децата и ни испрати чек од 1000 долари како помош на Амбасадата.

До следниот пат топли поздрави од тимот на детската амбасада.